# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 21 | Понеделник, 17 септември 2012 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk


## С о д р ж и н а


**Градоначалник на општина Струмица:** **Стр.**

**340.** **Одлука** за организирање на јавна анкета по Локалната урбанистичка планска документација на дел од КП бр. 1483/3 во КО Градско Балдовци ........................................... 2

**341.** **Одлука** за организирање на јавна презентација по Локалната урбанистичка планска документација на дел од КП бр. 1483/3 во КО Градско Балдовци ........................... 3

**Стр.**

**342.** **Решение** за именување на Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација по Локалната урбанистичка планска документација на дел од КП бр. 1483/3 во КО Градско Балдовци ....................................... 3

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст (“Службен весник на Република Македонија“ број 60/11) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна анкета на Локалната урбанистичка планска документација на дел од КП бр. 1483/3 во КО Градско Балдовци**

1. Се организира јавна анкета на Локалната урбанистичка планска документација на дел од КП бр. 1483/3 во КО Градско Балдовци со површина од 4.851,2 м$^2$ со намена Е2 – комунална супраструктура (мерна регулаторна станица за природен гас) и граничен опфат:

- од југ, исток и север со 1483/3
- од запад со КП бр. 8032/1

2. Одлуката за организирање јавната анкета ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за уранизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во “Службен гласник на општина Струмица” и преку средствата за јавно информирање.

3. Јавната анкета ќе трае 10 работни денови од денот на објавувањето на Одлуката.

4. Локалната урбанистичка планска документација на дел од КП бр. 1483/3 во КО Градско Балдовц со намена Е2 – комунална супраструктура (мерна регулаторна станица за природен гас) и површина од 4.851,2 м$^2$, ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. ”Ленинова” во соба број 3.

5. Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

6. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во ”Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-7290/1 Градоначалник
17.09.2012 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

................................

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст (“Службен весник на Република Македонија” број 60/11) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање на јавна презентација на Локалната урбанистичка планска документација на дел од КП бр. 1483/3 во КО Градско Балдовци**

1. Се организира јавна презентација на Локалната урбанистичка планска документација на дел од КП бр. 1483/3 во КО Градско Балдовци на површина од 4.851,2 $м^2$ со намена Е2 – комунална инфраструктура (мерна регулаторна станица за природен гас) и граничен опфат:

- од југ, исток и север со 1483/3
- од запад со КП бр. 8032/1

2. Одлуката за организирање јавната презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за уранизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во “Службен гласник на општина Струмица” и преку средствата за јавно информирање.

3. Јавната презентација ќе се одржи на ден 28.09.2012 година во 12,оо часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. ”Ленинова” во соба број 3.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 08- 7290 /2 Градоначалник
17.09.2012 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..................................

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст (“Службен весник на Република Македонија” број 60/11) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Службен гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување на Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација Локалната урбанистичка планска документација на дел од КП бр. 1483/3 во КО Градско Балдовци**

1. За членови во Комисија за спроведување на јавната акета и јавната презентација на Локалната урбанистичка планска документација на дел од КП бр. 1483/3 во КО Градско Балдовци

со намена Е2 – комунална супраструктура (мерна регулаторна станица за природен гас) површина од 4.851,2 $м^2$ ги именувам:

- Стојан Динев – дип. инж. архитект раководител на Секторот за урбанизам
и комунални работи ;
- Илија Шалев – дип. инж. архитект претставник на изготвувачот на планот;
- Александар Цицимов – дип. инж. архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната анкета во рок од 10 работни дена од денот на објавувањето на Одлуката за организирање јавна анкета, а јавната презентација на ден 28.09.2012 година во 12,оо часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул. "Ленинова" во соба број 3 .

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Струмица".

Бр. 08-7290/3
17.09.2012 год.
С т р у м и ц а

Градоначалник
на општина Струмица
Зоран Заев с.р.